РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-76/5
16-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 62 - та седница одржана на 15.02.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-7483/1 од 31.12.2021 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето ___________ - Декан на ___________ факултет –Скопје **, СЕ ЗАПИРА.**

По доставено известување со Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, поради повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, до лицето ___________ и негово постапување, ДКСК утврди нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-7483/1 од 31.12.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето __________ со бр. 09-7483/1 од 31.12.2021 година и утврди дека истиот, покрај тоа што ја извршува функцијата Декан на _______________ факултет – Скопје во исто време и како сопственик управувал со трговското друштво - Друштвото за градежништво „____________" Скопје.

Наведената ситуација е спротивна на член 45 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Согласно наведеното, ДКСК констатираше дека од страна на лицето ____________ е сторен прекршок по што, до истиот достави известување за настанатата состојба, како и согласно Законот за прекршоци состави Записник за констатиран прекршок со бр. 09-76/1 од 13.01.2022 година и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-76/1 од 13.01.2022 година.

ДКСК преку доставеното известување му укажа на истото лице дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување да го отстрани прекршокот, со тоа што управувањето на трговското друштво - Друштвото за градежништво „_____________" Скопје ќе го довери на друго лице или тело, освен на членови на семејството.

Во законски предвидениот рок, лицето ______________ постапи по барањето на ДКСК и извршил промена на управувањето на трговското друштво – Друштвото за градежништво „______________" и истото го доверил на лицето _________________ за што во прилог достави Решение од Централен Регистер на РМ од 26.01.2021 година. Исто така, лицето ________________ достави до ДКСК уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изготвил: Б.Џ - советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Ш.С - член на ДКСК